УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 1074/22
1-декември 2022 година
Скопје

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година и Су.бр.70/22 од 24 јануари 2022 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат**

За извршител на работното место-самостоен советник-преведувач од македонски на албански и од албански на македонски јазик се избира кандидатот:

- Линдита Елези.

**Образложение**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 11 ноември 2022 година објави Јавен оглас бр.2/22 во два дневни весници („Нова Македонија“ и „Koxa“) и на интернет страницата на Уставниот суд, за вработување на неопределено време на работното место - самостоен советник-преведувач од македонски на албански и од албански на македонски јазик во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија (еден извршител).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на 23 ноември 2022 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршена административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.1000/22 од 23.11.2022 година.

На 24 ноември 2022 година, Комисијата спроведе стручен испит заради проверка на стручноста, знаењата и вештините на кандидатите, а на 25 ноември 2022 година, спроведе интервју каде преку ситуациони и стручни прашања беа проверени потребните работни вештини и знаења за работното место за коешто аплицирале кандидатите.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за работното место Су.бр.1000/22/2 од 25.11.2022 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидатот како што е наведено во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на на сајтот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска